# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 7** **Петок, 11 Август 2023** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А

1. *Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Демир Капија за остаток на мандат..........................................................................................................................*
2. *Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година.......*
3. *Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2023 година.............................................................................*
4. *Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на подрачјето на општина Демир Капија 2023 – 2025 година..........................................................................................................*
5. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година.................*
6. *Решение за недонесување на Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година..........*
7. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на Јавно претпријатие за комунални работи "БОШАВА" Демир Капија...................................................*
8. *Решение за давање Согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија.........................................................................................*
9. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија.......................................................................................*
10. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија...............................................................*
11. *Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2023/2024 година..............................................................................*
12. *Решение за одобрување финансиски средства на Здружение Фудбалски Клуб ФК ВАРДАР БИСТРЕНЦИ с.Бистренци.........................................................................................................*
13. *Решение за одобрување финансиски средства...............................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Демир Капија за остаток на мандат**

Се објавува Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Демир Капија за остаток на мандат, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/1
11.08.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 155 од Изборниот законик ("Службен весник на РМ" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), член 5 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.08/05) и член 3 од Деловникот на Советот на Општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.08/05), Советот на општина Демир Капија на 23-та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За верификација на мандат на член на Советот на општина Демир Капија за остаток на мандат**

**Член 1**

**СЕ ВЕРИФИКУВА** мандатот на членот на Советот на општина Демир Капија **СТОЈНА ЃОРЃИЕВА** до остаток на мандатот на Советот, како нареден кандидат од листата на ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА "ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА".

**Член 2**

Мандатот на членот на Советот на општина Демир Капија се смета од 10.08.2023 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/3
10.08.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/2
11.08.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ.„ бр.5/2002), член 61 став (6) од Законот Буџети ("Службен весник на Република Северна Македонија." бр.203/22 и член 29, став (1) и (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на Општина Демир Капија на 23 -та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година**

**Член 1**

Пратејќи го остварувањето на Буџетот како на приходниот така на расходниот дел, и активностите кои се преземаат, а со досегашниот Буџет не се предвидени

согласно позитивните законски прописи се вршат измени и дополнувања на Буџетот со прв ребаланс.

**Член 2**

Со оваа Одлука се вршат следните измени и дополнувања на Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година.

**Износот на вкупните приходи на Буџетот на општина Демир Капија од 122.676.958,00 денари се заменува со 145.892.755 денари.**

Потставката 741112 – Трансфери од буџетот на РМ, износот од 0,00 се заменува со 19.032.794,00 денари.

Потставката 741114 – Пренесен вишок на приходи од предходна година, на буџетката сметка износот од 0,00 се заменува со 1.061.293,00 денари за да се овозможи користење на останати парични средства од минати години за единките корисници на општината.

Потставката 742111 – Приходи од обединети нации износот од 201.600,00 се заменува со 465.000,00 денари (средства наменети за реализација на проектот општинско-корисна работа).

Потставката 744111 – Донации од приватни компании износот од 0,00 се заменува со 1.000.000,00 денари - средства наменети за изградба на кошаркарско игралиште на улица Партизанска во Општина Демир Капија.

**Износот на вкупните расходи на Буџетот на општина Демир Капија од 122.676.958,00 се заменува со 145.892.755,00 денари**.

**Потпрограма А0 – Совет на општина**

Потставката 401310- Персонален данок на доход од плата, износот од 0,00 се заменува со 667,00 денари.

Потставката 493210 - Отплата на главнината на долгорочни позајмувања од централниот буџет износот од 2.700.000,00 се заменува со 2.930.000,00 денари.

**Потпрограма ДО – Градоначалник**

Потставката 401110 - Основни плати - функционери, износот од 810.000,00 се заменува со 950.000,00 денари.

Потставката 401310 - Персонален данок на доход од плата износот од 90.034,00 се заменува со 95.000,00 денари.

Потставката 402110 - Основни придонеси за ПИО износот од 230.000,00 се заменува со 272.000,00 денари.

Потставката 402210 - Основни придонеси за здраство износот од 95.000,00 се заменува со 111.000,00 денари.

Потставката 425220 - Банкарска провизија износот од 4.500,00 се заменува со 8.000,00 денари.

Потставката 426210 - Расходи за репрезентација износот од 200.000,00 се заменува со 380.000,00 денари.

Потставката 426990 - Др. оперативни расходи износот од 60.000,00 се заменува со 100.000,00 денари.

**Потпрограма ЕО - Општинска администрација**

Потставката 401120 - Основни плати државни службеници, износот од 7.270.000,00 се заменува со 8.270.000,00 денари.

Потставката 401310 - Персонален данок на доход од плата, износот од 700.000,00 се заменува со 720.000,00 денари.

Потставката 402110 - Основни придонеси за ПИО, износот од 2.270.000,00 се заменува со 2.645.000,00 денари.

Потставката 402210 - Основни придонеси за здраство, износот од 900.000,00 се заменува со 1.055.000,00 денари.

Потставката 402220 - Основни придонеси за професионално заболување, износот од 70.000,00 се заменува со 75.000,00 денари.

Потставката 402310 - Основни придонеси до Агенцијата за вработување, износот од 150.000,00 се заменува со 170.000,00 денари.

Потставката 404110 - Надомест за годишен одмор, износот од 420.000,00 се заменува со 440.000,00 денари.

Потставката 421110 - Електрична енергија, износот од 2.800.000,00 се заменува со 2.000.000,00 денари.

Потставката 421310 - Пошта, износот од 120.000,00 се заменува со 200.000,00 денари.

Потставката 421390 - Др. трошоци за комуникација, износот од 0,00 се заменува со 10.000,00 денари.

Потставката 423410 - Прехрамбени продукти и пијалоци, износот од 150.000,00 се заменува со 220.000,00 денари.

Потставката 423710 - Средства за одржување хигиена, износот од 120.000,00 се заменува со 200.000,00 денари.

Потставката 424110 - Поправки и одржување на лесни возила, износот од 350.000,00 се заменува со 400.000,00 денари.

Потставката 426990 - Др. оперативни расходи, износот од 69.000,00 се заменува со 105.092,00 денари.

Потставката 427110 - Привремени вработувања, износот од 1.000.000,00 се заменува со 1.800.000,00 денари.

Потставката 464910 - Плаќање по судски решенија, износот од 3.145.121,00 се заменува со 11.920.000,00 денари.

Потставката 464940 - Трансфери при пензионирање, износот од 140.000,00 се заменува со 160.000,00 денари.

Потставката 464990 - Др. трансфери, износот од 560.000,00 се заменува со 1.000.000,00 денари.

Потставката 465130 - Трошоци по извршни исправи, износот од 0,00 се заменува со 300.000,00 денари.

Потставката 493110 - Отплата на главнината на краткорочни позајмици одс централниот буџет, износот од 200.000,00 се заменува со 500.000,00 денари.

**Потпрограма ЕА – Капитални трошоци на општината**

Потставката 480140 - Купување информатичка и видео опрема, износот од 60.000,00 се заменува со 100.000,00 денари.

Потставката 485420 – Надомест за одземен имот, износот од 600.000,00 се заменува со 1.000.000,00 денари.

.

**Потпрограма Ф1 – Урбанистичко планирање**

Потставката 425640 – Изработка на просторни и урбанистички планови, износот од 1.211.503,00 се заменува со 1.311.503,00 денари.

**Потпрограма ФА – Урбанистичко планирање**

Потставката 482110 – Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати износот од 900.000,00 се заменува со 1.500.000,00 денари.

**Потпрограма Г1 – Поддршка на локалниот економски развој**

Потставката 425990 – Други договорни услуги, износот од 580.000,00 се заменува со 800.000,00 денари.

Потставката 463110 – Трансфери до здруженија на граѓани и фондации, износот од 0,00 се заменува со 100.000,00 денари.

**Потпрограма ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

Потставката 482120 – Изградба на улици, патишта и автопати, износот од 2.500.000,00 се заменува со 9.100.000,00 денари.

**Потпрограма ЛО – Спорт и рекреација**

Потставката 463120 – Трансфери до спортски клубови износот од 100.000,00 се заменува со 275.000,00 денари.

**Потпрограма Р1 – Заштита на животната средина**

Потставката 464990 – Др. трансфери износот од 100.000,00 се заменува со 300.000,00 денари.

**Потпрограмата Н10-Основно образование (сметка на дотации)**

Потставката 401130 - Основни плати – други вработени, износот од 19.500.000,00 се заменува со 19.950.000,00 денари.

Потставката 423620 – училишни материјали износот од 100.000,00 се заменува со 340.000,00 денари.

Потставката 424210 – Одржување на згради износот од 850.000,00 се заменува со 1.080.613,00 денари.

**Потпрограмата В1-Детски градинки (сметка на дотации)**

Потставката 401130 - Основни плати др. вработени, износот од 6.125.508,00 се заменува со 6.358.802,00 денари.

Потставката 401310 - Персонален данок на доход од плата, износот од 417.660,00 се заменува со 455.288,00 денари.

Потставката 402110 - Основни придонеси за ПИО, износот од 1.703.160,00 се заменува со 1.773.902,00 денари.

Потставката 402210 - Основни придонеси за здраство, износот од 679.608,00 се заменува со 707.828,00 денари.

Потставката 402220 - Основни придонеси за професионално заболување, износот од 45.468,00 се заменува со 47.348,00 денари.

Потставката 402310 - Основни придонеси до Агенцијата за вработување, износот од 108.936,00 се заменува со 113.452,00 денари.

Потставката 421410 - Горива и масла моторни возила, износот од 100.000,00 се заменува со 50.000,00 денари.

Потставката 423110 - Канцелариски материјали, износот од 60.000,00 се заменува со 30.000,00 денари.

Потставката 423330 - Постелнина, износот од 60.000,00 се заменува со 20.000,00 денари.

Потставката 423610 - Наставно-образовни помагала, износот од 60.000,00 се заменува со 30.000,00 денари.

Потставката 423720 - Материјали за разни поправки, износот од 40.000,00 се заменува со 20.000,00 денари.

Потставката 424110 - Поправки и одржување на лесни возила, износот од 60.000,00 се заменува со 30.000,00 денари.

Потставката 424230 - Дезинфекција дезинсекција и дератизација, износот од 20.000,00 се заменува со 10.000,00 денари.

Потставката 424440 - Поправки и одржување на др. опрема, износот од 80.000,00 се заменува со 40.000,00 денари.

Потставката 425420 - Примарна здраствена заштита, износот од 48.000,00 се заменува со 24.000,00 денари.

Потставката 425970 - Консултантски услуги, износот од 72.000,00 се заменува со 36.000,00 денари.

Потставката 425990 - Други договорни услуги, износот од 100.000,00 се заменува со 100.060,00 денари.

Потставката 464990 - Др. трансфери, износот од 35.660,00 се заменува со 30.000,00 денари.

**Потпрограмата В1-Детски градинки (сметка за самофинансирачки активности)**

Потставката 420140 - Патување во земјата-споредни расходи, износот од 30.000,00 се заменува со 40.000,00 денари.

Потставката 421110 - Електрична енергија износот од 30.000,00 се заменува со 50.000,00 денари.

Потставката 421120 - Водовод и канализација износот од 30.000,00 се заменува со 50.000,00 денари.

Потставката 423410 – Прехрамбени продукти и пијалоци износот од 1.700.000,00 се заменува со 1.300.000,00 денари.

Потставката 423720 - Материјали за разни поправки, износот од 85.000,00 се заменува со 115.000,00 денари.

Потставката 424440 - Поправки и одржување на друга опрема, износот од 50.000,00 се заменува со 100.000,00 денари.

Потставката 425420 - Примарна здраствена заштита, износот од 15.000,00 се заменува со 25.000,00 денари.

Потставката 425970 - Консултантски услуги, износот од 30.000,00 се заменува со 50.000,00 денари.

Потставката 425990 - Други договорни услуги, износот од 75.000,00 се заменува со 145.000,00 денари.

Потставката 464990 - Др. трансфери, износот од 40.000,00 се заменува со 210.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Демир Капија.

Број 08 – 550/4
10.08.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2023 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/3
11.08.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Демир Капија на XXIII-та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2023 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартален период 2023 година.

2. Кварталниот извештај е составен дел од овој Заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/5
10.08.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на подрачјето на општина Демир Капија 2023-2025 година**

Се објавува Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на подрачјето на општина Демир Капија 2023-2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/4
11.08.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

# Оперативен План за заштита и одбрана од поплави на подрачјето на општина Демир Капија 2023 - 2025 година

# СОДРЖИНА

1. Вовед

2. Демографија и миграција

3. Хидрографија, Вегетација

4. Природно - географски карактеристики на пошироката околина

5. Геолошко - морфолошки и хидролошки карактеристики

6. Климатски карактеристики на подрачјето

7. Проценка за заштита и одбрана од поплави

8. Комуникација, координација и соработка на општина Демир Капија со РЦУК Неготино

9. Прилог - скици

# 1. ВОВЕД

Општината Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на Република Македонија, односно во југоисточниот дел на Тиквешката котлина на исклучително важна географска-стратегиска позиција и зафаќа површина од 309 km². Во општина Демир Капија според пописот од 2021 год. живеат 3.777 жители со просечна густина на населеност од 15 жители/ km². Во општината има вкупно 15 населени места, додека пак учеството на градското население во вкупното население изнесува 75,3%.



*Сл. 1. Карта за местоположбата на општина во Р.Македонија*

Општината спаѓа во пограничната територија со Република Грција со оддалеченост на општинскиот центар од 40 км од македонско-грчката граница.

Во состав на општината влегуваат следните населени места: градот Демир Капија и селата Барово, Бесвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Кошарка, Копришница, Корешница, Прждево, Стрмашево, Челевац и Чифлик.

Општина Демир Капија се граничи со соседните општини: Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Валандово и Конче.




*Сл.2. Карта на општина со селските атари и општините со кои граничи*

Главната стопанска гранка во градот и околината е земјоделството особено одгледувањето на винова лоза, житни култури, градинарски култури (црвена пиперка) и тутун. Освен лозарството во општина Демир Капија во мали размери е развиено и индивидуалното сточарство, производството на риба и живина Од другите стопански гранки застапено е ископувањето на песок и камен за градежништвото, како и производство на електрична енергија од фотоволтаични централи.

Бројот на активните деловни субјекти во Општина Демир Капија варира во различни периоди. Состојбата со 31.12.2020 година е презентирана во табелата бр.1:

Табела 1: Активни деловни субјекти сектори на дејност НКД Рев2, состојба 31 декември

| **Сектор/Година** | **2010** | **2020** |
|---|---|---|
| Вкупно | **119** | **91** |
| А Земјоделство, шумарство и рибарство | 11 | 9 |
| В Преработувачка индустрија | 11 | 6 |
| Г Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0 | 1 |
| Д Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 1 | 1 |
| Ѓ Градежништво | 3 | 5 |
| Е Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 45 | 32 |
| Ж Транспорт и складирање | 13 | 13 |
| З Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 12 | 6 |
| Ѕ Информации и комуникации | 1 | 1 |
| К Стручни, научни и технички дејности | 0 | 3 |
| Л Административни и помошни услужни дејности | 3 | 0 |
| Љ Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 1 | 1 |
| М Образование | 1 | 1 |
| Н Дејности на здравствена и социјална заштита | 9 | 5 |
| Њ Уметност, забава и рекреација | 2 | 1 |
| О Други услужни дејности | 6 | 6 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Состојбата во земјоделството според податоците од 2007 година е презентирана во следните табели:

*Табела 2: Основни статистички податоци за земјоделството, сточарството и рибарството во индивидуалниот сектор во Општина Демир Капија*

| Број на индивидуални земјоделски стопанства | Вкупно расположлива површина на земјиштето во ха | Користено земјоделско земјиште, ха | | | | Број на одвоени делови на користено земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно користено земјиште | Сопствено земјиште | Земено на користење од други | Дадено на користење од други | |
| 1.006 | 1.453,83 | 1.084,07 | 867,42 | 223,45 | 6,80 | 2.719 |

*Извор: Државен завод за статистика, Попис на земјоделството 2007*

*. Табела 3: Вкупно расположливо земјоделско земјиште во Општина Демир Капија*

| Вкупно | Ораници, бавчи и куќни градини | Ливади | Пасишта | Овоштарници | Лозја | Расадници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.084,07 | 383,6 | 45,89 | 46,39 | 13,10 | 595,09 | - |

*Извор: Државен завод за статистика*

## 2. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА

Според статистичките податоци од пописот во 2021 година, по новата територијална поделба, Општина Демир Капија брои 3.777 жители. Според последниот попис од 2021 година, во Општина Демир Капија има вкупно 1,443 домаќинства, а вкупниот број на станови е 2.219 со вкупна површина од 111 733 м$^2$.

Структура на населението според националната припадност во Општина Демир Капија е следна:

Македонци- 3.076 лица (81,44%)

Турци – 376 лица (9,95%)

Срби - 130 лица (3,44%)

Останати – 195 лица (5,17%)

Според половата структура населението во Општина Демир Капија има 1.949 мажи (51,58%) и 1.828 жени (48,42%).

Во Општина Демир Капија констатиран е значаен пораст на миграцијата во втората половина на XX век, кој продолжил и во текот на овој век. Во последните десетина години има процес на обратна миграција, особено на постара популација. Внатрешните миграции во периодот од 2012 година до 2020 година во Општина Демир Капија се презентирани во следната табела:

*Табела бр.1 - Внатрешни миграции: Отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години, во Општина Демир Капија.*

| | Вкупно | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
| Демир Капија | 34 | 29 | 25 | 10 | 35 | 33 | / | 34 | 31 |

*Извор: Државен завод за статистика*

## 3. ХИДРОГРАФИЈА И ВЕГЕТАЦИЈА

### 3.1 Хидрографија

Низ општина Демир Капија поминуваат три значајни реки кои ги задоволуваат потреби на населението, а тоа се:

Вардар - должина во општината 24 км

Дошница - должина во општината 18 км

Бошавица - должина во општината 15 км

Овие реки претставуваат значаен фактор во водоснабдување бидејќи најголемите рамнини се наоѓаат вдолж реката Вардар, така што претставуваат најниски делови на котлината, а едновремено се и најплодните терени за одгледување на земјоделски, индустриски фуражни и други култури. Просечната годишна количина на врнежите се движи меѓу 400-500 мм воден талог, а во некои години количината на врнежите се спушта и пониско и до 238 мм. Распоредот на врнежите е нерамномерен, при што најмалку дожд паѓа во месец Јули, а најмногу во месеците Мај и Декември.




*Слика бр.3 Топографска.карта на водотеци во општина Демир Капија*

*Извор:МКФФИС-ПО РЦУК Неготино*

### 3.2 Вегетација

Шумите и пасиштата зафаќаат најголем дел од вкупните површини во Општина Демир Капија. Демир Капија е најниска географска точка на подножјето на североисточната страна на Кожув планина и западната страна на Серта планина, на 90 мнв. Кожув планина е богата со дрвен шумски фонд, а најзастапени се листопадните видови и тоа: дабот, габерот, прнарот, а помалку застапени се буката и борот. Покрај реките најмногу е застапена евла, лешка и платан.

Дрвото платан, од кое има цели насади, е заштитен со Законот за шуми како природна реткост на дрвните видови кој расте на одредени површини.

Во Демиркаписката клисура се наоѓа шумската заедница Phillspeo-Juniperetum excelsae која често ја зафаќаат шумски пожари, а самото подрачје се карактеризира за подрачје на кое постепено е редуцирана оваа шумска заедница.

Општината опфаќа повеќе екосистеми кои се категоризираат во центри со висока флорна разновидност на виши растенија во кои влегува Демиркаписката клисура какои делови низ кои поминува река Дошница

## 4. ПРИРОДНО ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОШИРОКАТА ОКОЛИНА

Општината Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на Република Македонија, односно во југоисточниот дел на Тиквешката котлина на исклучително важна географска-стратегискапозиција. Општината лежи на координатите меѓу 220 00" и 220 30" ширина и 410 15" и 410 30" должина, со просечна висина од 622 м.н.в. Тиквешката котлина главно го опфаќа просторот на средниот тек на реката Вардар и тоа однеговиот истек од Клисурата Велешка на северозапад па се до Демиркаписката клисура на југоисток. Во одредена смисла, под поимот Тиквешија се подразбираат рамничарските терени од двете страни на река Вардар, познати под името Повардарие. Поволната географска положба на Демир Капија во просторот на Република Македонија овозможува низ Општина Демир Капија да минуваат најважните сообраќајници во Република Македонија. Железничката линија Белград - Скопје - Солун - Атина и меѓународниот пат Е-75. Сообраќајницата Белград - Скопје - Солун - Атина низ вековите претставувала, а и денес претставува главна сообраќајница во Република Македонија, на која се надоврзуваат сите патишта што водат источно и западно од долината на реката Вардар.

Највисока кота во Демир Капија е местото Волчјак со 1159 мнв. на Конечка Планина, а најниска е на речното корито на реката Вардар со 85 мнв.

Општина Демир Капија има разнообразен и разигран терен, кој го прави просторот богат со релјефни посебности, облици и форми. Котлината, набљудувана во целина, претставува претежно планинско и полупланинско подрачје. Од нејзината површина една петтина се висорамнини. Планинските венци кои ја оградуваат котлината од југ, југозапад и запад се високи и нивните највисоки врвови изнесуваат над 1.500 мнв. Дел од планините се пошумени со висока вегетација, а падинските делови се обраснати со ниска вегетација, а дел се голи и се избраздени од бројните порои под дејството на атмосферските води. Рамничарските и низиските терени се покрај речното корито на река Вардар и околу коритата на реките Бошавица, Дошница и другите помали водени текови. Овие рамнини ги претставуваат најниски делови на котлината и се и најплодните терени за одгледување на земјоделски, индустриски фуражни и други култури. Ридестите терени се поволни за одгледување на винова лоза и за други земјоделски култури.

## 5. ГЕОЛОШКО- МОРФОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА

Територијата на Демир Капија се карактеризира со различен геолошки состав и сложена тектонска структура, составена од: карпи, метаморфни карпи, графитни шкрилци, кварцити, амфиболити, јурски карпи (претставени со варовници, серпентини

и чисто карбонатни варовници, со присуство на талк и магнезит), глина и песок, палеозојски и мезозојски карпи, модри шкрилци. Демир Капија и припаѓа на Вардарската зона, која е обликувана во вид на тектонски ров и е составен од карпи, чија старост датира од преткамбискиот (најстариот) период, па се до квартерот. Од овој најстар период се сретнуваат метаморфни карпи, а застапени се и графитни шкрилци, кварцити, амфиболити итн. Од мезозојската ера најзастапени се јурските карпи, претставени со варовници, серпентини и чисто карбонатни варовници, во кои има присуство на талк и магнезит, изразито застапени во Демиркаписката клисура.

Забележително е присуството на карпи од кенозојската ера и тоа од периодот на полеогенот и посебно на квартниот период. Демиркапиското земјишно подрачје за време на неогенот било езерски базен, чии води по долгото и сукцесивно спласнување на Егејско Море, преку клисурата истекле во него.

Во ерата на дилувиумот дошло до целосно сушење на почвата со разместување на долното течение на река Вардар и со неговите оживеани една по друга регресивни ерозии. По езерскиот период Тиквешката котлина останало најмногу глина и песок, а по нејзините краишта сочувани се траги од езерски крајбрежни релјефи тераси од слоеви на палеозојски и мезозојски карпи. Околу реката Вардар кај Демир Капија има дебели слоеви од модри шкрилци врз кои лежат дебели наслаги од карпи и варовник.

Реката Вардар ги сече овие карпести наслаги правејќи ја Демиркаписката клисура мошне длабока, широка и долга-права планинска клисура. Страните и се градени од модри шкрилци, преку кои лежат слоеви на модра крупна вар со мезозојска старост.

Демиркаписката Клисура е заштитено подрачје во категоријата Споменик на природата исто така е заштитено е крајбрежјето на река Бошава со одлука на Советотна Општина Демир Капија.

## 6. КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОДРАЧЈЕТО

Општина Демир Капија има разнообразни климатски карактеристики што се должат на нејзината географска положба, близината на Егејското море, како и самата конфигурацијана теренот - релјефните особености. Во просторот на Тиквешијата постојат три климатски влијанија: медитеранско (средоземноморско), континентално и планинско. Овие три климатски карактеристики имаат одредено меѓусебно влијание, поради што во одредени реони на котлината се јавуваат модифицирани климатски посебности, што се одраз на теренските, хидрографските и други услови на теренот.

Продорот на медитеранската клима во Тиквешијата доаѓа преку Демиркаписката Клисура поради што е и најизразита во просторот на Повардарието, а потоа опаѓа во другите делови од котлината во зависност од конфигурацијата на теренот. Како последица од делувањето на медитеранската клима овој крај спаѓа во редот на топлите и сушни реони на нашата Република.

Продорот на континенталната клима доаѓа преку Велешката клисура, долината на Брегалница и Конечката Планина. Широката отвореност на рамничарскиот и разбранетиот благ и низок ридчест дел према ова влијание доведува до снежен продир на континенталната клима во поголемиот простор. Одликите на ова климатско влијание се отчитуваат во снижување на температурата на воздухот, во зголемување на врнежите, јачината на ветровите и други климатски особености, посебно во однос на климатската погодност на летото. При преовладување на континенталната клима се јавуваат долги и ладни зими со краткотрајни ниски температури кои се спуштаат и под

- 20 C°. Планински клими ги опфаќа главно високите планински и падински делови на регионот. Влијанието на планинската клима на пониските и рамничарски делови на котлината се непознати. Основните одлики на планинската клима се: ладни и суви зими со мошне ниски температури и обемни врнежи, влажност, облачност и магли.
Климатските особености во овој крај зависат од делувањето на двете најсилни климатски влијанија - Медитеранското и Континенталното. Како резултат на меѓусебното влијание можат да се забележат неколку основни карактеристики.
Летата се топли и суви, а средната месечна температура паѓа во месец август (37 C°). Мразеви најчесто има во почетокот на пролетта па се до Април, додека пак есенските мразеви се честа појава кон крајот на месец Октомври и почетокот на месец Ноември. Температурата на земјиштето ретко е пониска од 0 C°, што е од особено значење за земјоделското стопанство.
Највисоко измерена температура на воздухот по долината на реката Вардар е забележана на 24 јуни 2007 година и тоа температура од 45,7 C°, додека пак најниско измерената температура е од -23 C°, измерена на 19. 12. 2001 година.
Просечната годишна количина на врнежите изнесува околу 400-500 мм, а во некои години количината на врнежите се спушта и пониско и до 238 мм. Распоредот на врнежите е нерамномерен. Најмалку дожд паѓа во месец Јули, а најмногу во месеците Мај и Декември.

Поради влијанието на медитеранската клима вегетацискиот период трае 192 дена, т.е. од месец Април па се до првата половина на месец Октомври. Во текот на вегетацискиот период во месеците Јуни, Јули и Август владеат суши, кои нанесуваат големи штети. Во однос на ветровите во Демир Капија, преовладуват два правци на ветрови — северен (Вардарец) и јужен (медитерански - југо). Северните ветрови се силни и ладни поради што влијаат врз снижувањето на температурата. Јужните ветрови — југо, најчесто дуваат во текот на летото и носат големи горештини. Покрај овие два правци дуваат и други ветрови
- источен, западен и северозападен кои имаат одредено влијание врз формирањето наклиматските особености на просторот. Максимално измерена јачина на ветер во метеоролошката станица во Демир Капија е измерена од 25 m/s или 94 km/h.

*(податоци од ЛЕАП на општина Демир Капија).*

## 7. ПРОЦЕНА ЗА ЗАШТИТА И ОДБРАНА ОД ПОПЛАВИ

Најчесто како потенцијални извори за настанување на опасноста од поплави се следните: обилните врнежи на дожд, нагло топење на снегот, излевањето на водите од коритата на реките и пороите, неисчистените речни корита и одводни канали, оштетување на заштитните појаси-насипи на реките, како и рушење на браните во регионот.

При анализа на определување на профилот на опасностите од поплави на подрачјето на општина Демир Капија, се зема во предвид изложеноста на нивното влијание во минатото, предизвиканите штетни последици како и начинот на кој општината со сите институции се справила со нив. Следејќи ги елементарните непогоди кои ја имаат зафатено општина Демир Капија во минатото констатирано е дека истите биле воглавно последица на дејствување на природните сили. Таквите

поголеми елементарни непогоди се поплавите предизвикани со високиот водостој на реката Вардар во 1962 година и Февруари 2013 година. Демир Капија ја има зафатено поплава во 1979 година со надојдување на река Бошавица. Според извршените анализи подрачјето на општината Демир Капија може да биде изложенона:

- поплава од излевање на реките (Вардар, Дошница и Бошавица)
- поплава од излевање на пороите (Прждевски Корешнички и Бистренски).
- поплава од рушење на браната кај с.Дрен и
- поплава од рушење на браната на Тиквешкото езеро во општина Кавадарци.

Во општина Демир Капија се поплавуваат населени места, земјоделски површини, индустриски и други објекти од реките:Вардар, Бошавица и Дошница како и од пороите низ селата Прждево, Бистренци и Корешница. Бошавица и Дошница извираат од највисоките планински предели на Кожуф планина. Двете реки во непосредна близина на Демир Капија се вливаат во реката Вардар. Повеќето од реките по нивното течение се пошумени но во планинските и повисоките токови.




*Сликабр.4.Карта на поплавување од водотеци во општина Демир Капија*
*Извор:МКФФИС-ПО РЦУК Неготино*

Ненадејните обилни поплави можат да бидат крајно опасни. Обично се случуваат наеднаш, на мали сливни подрачја како резултат на поројни дождови и краткотрајни бури. Најзагрозени од поплави се населените места и земјиштата покрај реката Вардар, с.Бистренци с.Корешница и Демир Капија. При висок водостој нареката Вардар се поплавуваат земјоделски култури и тоа кај Прждевска лака 83 ха, Бистренци 120 ха, Корешница 68 ха и кај Демир Капија 154 ха.

Подрачјето на општината Демир Капија е загрозено од поплави во 2 периоди и тоа во месеците Ноември и Декември кога има обилни дождови и во пролетните месеци Март и Април кога доаѓа до зголемување на температурите и топење на снеговите. Најизложени на опасноста од поплавување се атарите на селото Бистренци, Корешница и градот Демир Капија по течението на реката Вардар. Поради климатски промени на глобален план и обилните врнежи од дожд се почесто во зимските периоди, како што е случајот во Јануари 2015 година, на подрачјето на општината доаѓа до влошена

хидролошка состојба, кога во ист период има обилни врнежи и истовремено доаѓа до брзо топење на снегот.

Вкупно денови со појава на дожд, во општина Демир Капија во периодот од 2007-2010 година се 79,8 денови.

При процена на ранливоста и изложеноста на подрачјето на општина Демир Капија од опасност на појава на поплави треба да се има во предвид дека реката Вардар во најголем дел од својот тек поминува низ рамничарски предел со благ пад и не предизвикува големи материјални штети но при пообилни врнежи и топење на снег се карактеризира со поголема водна енергија која дополнително може да предизвика и опасност од ерозија. При висок водостој на реката Вардар би дошло до поплавување на површини покрај реката Вардар кај с.Корешница, Бистренци и Демир Капија од левата и од десната страна на течението во должина од околу 9000 метри.



*Слика бр.5. Излевање на река Вардар, Февруари 2013 година.*
*(архива на општина)*

До поплавување на земјоделско земјиште покрај Вардар доаѓа кога нивото на водата е над 300 см.на мерно место Демир Капија, кога ги поплавува земјоделските површини кои се на тоа ниво, а максимална височина има достигнато 410 см. Реката Вардар е најважен воден тек т.е. најголема и единствена река која има колеблив водостој. Најголем водостој има во пролет,кога во северните и западните краишта се топат снеговите и во есен кога врнежитер се почести.Најмал водостој има во преку летниот период во месеците (јули и август).Просечниот годишен проток на р.Вардар од 1949/1992 година изнесувал 149,3 м3/сек. А за време на сушниот период 1984/1994 година 103,6 м3/сек.Во реката Вардар во општина Демир Капија се вливаат реките:Бошавица и Дошница.



*Слика бр.6. Излевање на река Вардар, Февруари 2013 година.*
*(архива на општина)*

Низ подрачјето течат одреден број на потоци и рекички. Извориштата на овие реки кои се вливаат во р.Вардар се на езерската висорамнина Витачево, планината Кожув и Конечка планина.Нивниот водостој покажува колебање во одделни годишни времиња.Највисок водостој имаат во пролет кога паѓаат почесто дождови и при топење на снегот во планинските предели. Преку летниот период водата на ситеспомнати реки или се намалува во значителна мера или наполно пресушуваат.

Реките и пороите во општина Демир Капија кои се сливаат во реката Вардар предизвикуваат поплавување на делови од атарот на с. Бистренци, с .Корешница и Демир Капија.и тоа:

- Селото Бистренци кое се наоѓа покрај реката Вардар на надморска висина од 115 м,би имало штети од поплавување на земјоделски култури.
- Селото Корешница се наоѓа на надморска висина од 157 м, а опасност од поплавување при висок водостој на реката Вардар над 300 см. има на земјоделските култури покрај истата.
- Од реката Бошавица постои опасност при излевање да бидат поплавени земјоделски култури покрај нејзиното течение. Изложени и ранливи на поплава при висок водостој на реката Вардар се Корешничкиот мост и мостот на автопатот Скопје-Гевгелија пред влезот во тунелите.

Поплавувањето може да настане при крајот на зимскиот период и во пролетниот период кога има нагло топење на снег и врнежи од дожд но со помали штети. Во летниот период при обемни врнежи од дожд кога поплавите се од пороен карактер, во сливовите со изразена ерозија и штетите се поголеми. Карактеристични за овие поплави е тоа што поплавните бранови се формираат за многу кратко време (пократки од 24 часа), што ја отежнува ефикасноста и превземените мерки и активности.

При надојдување на водите на реката Бошавица (заедно со реката Дошница), поплавниот бран би зафатил околу 30 ха. обработливо земјиште. Поплавени би биле

површини по течението во должина од околу 4300 метри. Зафатени би биле околу 300-400 куќи во градот Демир Капија.



*Слика бр.7.Поплва во Демир Капија 1979 година од надојдување на р.Бошавица ( архива на општина)*

На подрачјето изложено на поплавување од река Вардар во близина на градот Демир Капија посебно ранливи се 2 стопански објекти . Степенот на оштетувањето на овие објекти ќе биде помал бидејки се изградени од современи материјали.
На подрачјето изложено од поплавување од река Бошавица изложени се околу 300 куќи (претежно овој дел е изграден со индивидуални станбени згради ).Поплавени би биле подрумски простории но истите се изградени од цврст градежен материјал па оштетувањата не би биле големи. Во близина на земјената брана Дрен во близина на село Дрен нема објекти кои би биле оштетени. Во следниот табеларен приказ прикажани се објектите и инфраструктура од подрачјето на општина Демир Капија, кои се изложени на опасноста од поплава.

*Табела бр.5 Преглед на објекти и инфраструктура од подрачјето на општина Демир Капија кои можат да бидат изложени на опасноста од поплави*

| **Р. Бр** | **Река-опсег на поплавата** | **Објект** | **Сопственост** | **Намена** | **Локација** | **Вид на градба** | **Површи на м2,км, бр** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Река Вардар | Мост(Корешнички) на регионален пат | Агенција за државни патишта | сообраќај | Регионален пат (Демир Капија-Корешница) | армирано-бетонски | |
| | | Мост на магистрален пат | Агенција за државни патишта | сообраќај | Магистрален пат Демир Капија-Гевгелија | армирано-бетонски | |
| | | Локален пат | ЕЛС Демир Капија | сообраќај | Демир Капија | асфалт | |
| | | Мост на локален пат | ЕЛС Д.Капија | сообраќај | Демир Капија | асфалт | |
| | | Железничка пруга | Македонски железници | сообраќај | Демир Капија | метален | |
| | | Водоводна мрежа | ЕЛС | санбдување со вода | | цевковод | |
| | | Регионален пат | Агенција за државни патишта | сообраќај | Демир Капија-Корешница-Бистренци | асфалт | 9,3км |
| | Река Бошавицаи река Дошница | Станбени објекти | приватна | домување | Демир Капија | Тврда градба | 300-400 бр. |
| | | Рибник | приватна | стопанисување | Дошница | | |
| | | Локален пат | ЕЛС Демир Капија | сообраќај | Демир Капија-Дрен | асфалт | |
| | | Мост на локален пат | ЕЛС Д.Капија | сообраќај | Демир Капија | Армирано бетонски | |
| | | Железничка пруга | Македонски железници | сообраќај | Демир Капија | метален | |
| | | Водоводна мрежа | ЕЛС | санбдување со вода | Демир Капија | цевковод | |
| | | Мост на локален пат | ЕЛС Демир Капија | сообраќај | Демир Капија | Армирано бетонски | |
| | | Нов мост Бошавица | ЕЛС Демир Капија | Сообраќај | Демир Капија | Армирано бетонски | |
| | | Бензинска пумпа Макпетрол | приватна | Трговија со моторни масла | Автопат Демир Капија-Гевгелија | Тврда градба | 61 м2 |
| | | Салон за коли Старт | приватна | трговија | Демир Капија | Тврда градба | |
| | | Стара зграда на општината | ЕЛС Демир Капија | администрација | Демир Капија | Тврда градба | |
| | | ООУ Д.А.Габерот | ЕЛС Демир Капија | образование | Демир Капија | Тврда градба | 1492м2 |
| | | ЈОУДГ Борис Трајковски | ЕЛС Демир Капија | Престој на предшколски деца | Демир Капија | Тврда градба | 552м2 |
| | | Железничка станица | Македонски железници | Железнички сообраќај | Демир Капија | Тврда градба | |

*Извор:ПО-РЦУК Неготино*

При досега случените поплави животот и здравјето на населението не било загрозено во поголем обем но сепак предизвикале одредени нарушувања на

нормалниот живот без поголеми последици по здравјето, освен по материјалните добра на населението при што се губи дел од својот имот и со тоа во овие случаи се појавуваат дополнителни финансиски загуби (оштетување на дом, покуќнина, проблем за сместување и др.). При поплавување на помошни објекти се претрпува штета врз материјалните добра кои се потребни за одгледување на стока, залихи на храна и сл.

Поплавата преставува потенцијална опасност за појавување на заразни болести и усложнување на епидемиолошката состојба. При поплавите на подрачјето на општината не се регистрирани појави на заразни болести кај населението.

Треба да се одбележи дека на епидемиолошката состојба влијаат и други фактори: пред поплавата, тежината и обемот на разурнувањето и оштетувањето, годишното време, здравствената култура на населението и спремноста и оспособеноста на здравствената, односно превентивната служба.Најчести заболувања чиј број може да се зголеми после поплавата се: цревни заразни болести, морбили и акутни респираторни заболувања. Со превземање на превентивни мерки : обезбедување на вода за пиење, санитарен надзор на сместувањето и исхраната на населението, одржување на личната и колективната хигиена, спроведување на дезинфекција, а по потреба и десинсекција и дератизација и други мерки претставуваат појдовна основа за намалување и појавата од поголем обем на заразни болести. На следниот табеларен приказ дадени се населените места загрозени од поплава.

*Табела бр.6.Преглед на објекти и инфраструктура од подрачјето на општина Демир Капијакои можат да бидат изложени на опасноста од поплави*

| Р. б. | Река-опсег на поплавата | Населено место | Објекти | | Земјиште | | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | вкупно | изложени на поплава | Вкупно (ха) | изложено на поплава (ха) | |
| 1. | Р.Вардар | с.Бистренци | 121 | 0 | | 120 | |
| | | с.Корешница | 114 | 1 | | 31 | |
| | | с.Прждево | 132 | 0 | | 130 | |
| | Р.Вардар | Демир Капија | 1139 | 4 | | 53 | |
| | Река Бошавица | Демир Капија | 1139 | 300-400 | | 80 | |
| | Брана Дрен | с.Дрен | 69 | 0 | | 20 | |

*Извор:ПО-РЦУК Неготино*

Штетното влијание и загубите кои настануваат се најизразени при поплавите од излевање на водотеците р.Вардар и р.Бошавица во општина Демир Капија. При излевањето на реката Вардар, штетното влијание и загубите кои настануваат се најизразени во земјоделието.

При високиот водостој на реката Вардар најчесто се поплавува само земјоделско земјиште во пониските делови покрај неговото корито. Тие се краткотрајни и предизвикуваат директни штети на земјоделските

површини и на инфраструктурните објекти (Корешнички Мост) заради ерозија на околното земјиште и наноси од одкорнати големи дрвја кои прават штети на столбовите на мостовите.

Директните штети во поплавеното градско подрачје на р. Бошавица се на сообраќајната инфраструктура (мостови, делови од локалната патна мрежа) како и на системите за водоснабдување и електричната мрежа кои може да предизвикаат директно нарушување на виталните животни функции. Ваквите штети најчесто се краткотрајни. Воедно директни штети претрпуваат објектите (куќи и помошни објекти) кои се поплавуваат и при тоа се оштетуваат самите објекти но и материјалните добра кои се зафатени (мебел, апарати за домаќинство, алати и машини, сточна храна, земјоделски производи и др.). Штетите кои настануваат при поплавување на земјоделските површини се големи и во целост го уништуваат приносот, а со тоа се претрпуваат директни финансиски штети на земјоделците од очекуваниот приход. Овие директно предизвикани штети воедно предизвикуваат и индиректни штети бидејќи населението издвојува дополнителни финансиски средства за намалување или санирање на последиците. Индиректно се намалуваат планираните средства за отплаќање на кредитите, осигурувањето и други давачки. Долгорочни штети претрпуваат поплавените земјоделски површини поради тоа што се намалува плодноста која треба да се подобрува со долгорочни мерки за прихрана и обработка. Реката Вардар како главен водотек кој во себе ги прима водните количини на поголем број на притоки во периоди кога има обилни врнежи и топење на снег од високите планински масиви добива големо водно количество, а со тоа се создаваат услови за транспортирање на големи количества на речен нанос кој се исталожува попатно на одредени делови од текот. При ваквото таложење се создаваат услови за причинување на поплави по текот, а посебно и разорување на бреговите во близина на Корешнички Мост. Покрај механичкото загадување (наносите) има и хемиско загадување од отпадните комунални води од населените места како и употребата на хемиски средства на земјоделските површини (фосфор и азот), кои се исцедуваат при процесот на наводнување. Поголеми проблеми претставуваат и сечењето на дрвата покрај брегот со што се предизвикува одронување на земјиштето и зафаќање на плодни лозови насади .

Со поплавата се предизвикуваат и социјални проблеми пред се изразено кај земјоделците бидејќи општината претежно е лозарски крај и голем број на семејства се издржуваат од лозарство.

Во влошени хидролошки состојби се нарушува функцијата на колекторскиот систем поради мешањето на атмосферските и фекалните води и при тоа доаѓа до излевање на истите.

На подрачјето на општините Неготино и Демир Капија процена е дека системот за управување со кризи (СУК) има способност и капацитети за превенција, рано предупредување и справувањето со поплавата. Во овој контекст е и системот закомуникација, координација, компатибилност,

интеракција, следење, обработка и анализи на сите податоци, информации и документи поврзани со поплавата.

Во справувањето со поплавите се користат одредени човечки и материјално технички ресурси кои се лоцирани на подрачјето на општината Демир Капија и со нив располагаат субјектите кои се директно вклучени при справувањето на истите. Нивните ресурси се прикажани во табеларниот приказ.

*Табела бр.7.Преглед на човечки и материјално технички ресурси на подрачјето на општина ДемирКапија при опасност од поплава*

| Р. бр. | Субјект | Дејност | Р е с у р с и | | | Забе Лешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Човечки | Материјално Технички | Колич. | |
| 1. | ЕЛС Демир Капија | Штаб за ЗС | 10 | | | |
| | | Универз.единица за ЗС | 30 | | | |
| | | Просторна специјализирана единица —екипа за ком.работи | 4 | | | |
| | | Просторна специјализирана един. за прва мед.помош | | | | |
| 2. | ДЗС-ПО Неготино | Единица за заштита и спасување од поплави | 10 | | | |
| | | Тим за заштита и спасување одпоплави | 10 | | | |
| | | Тим за спасување под вода | 10 | | | |
| 3. | Доброволно ПП друштво | | 12 | Специјални м/в<br>спасително јаже | 1<br>1 | |
| 4. | ЈП Бошава | Комунални дејности | 19 | Трактор IMT 539,со приколка со носивост од 2,5 тона,<br>лопати<br>копачи | 1<br>5<br>2 | |
| 6. | ЈП „Македонија Пат“ | Одржување на патишта | | | | |
| 7. | ОО на Црвен Крст | Социјално-хуманитарна | | | | |
| 9. | ЈЗУ Здравствен дом | Здравствени услуги | 5 лекари и 9 мед.сестри | Специјални Санитетски Возила<br>Останати возила | 4<br>6 | |
| | ТППЕ Неготино | | 12 | моторни пумпи за црпење на вода марка хонда | 3 | |

*Извор:ПО-РЦУК Неготино*

Овие ресурси се користат за поплавите согласно потребите на субјектите од СУК. Покрај прикажаните ресурси на овие субјекти може да се користат и други ресурси (за превоз на лица и МТС и опрема, градежни машини, сместување и сл.) кои се во сопственост на правни и приватни лица. Евиденција за ваквите ресурси подетална има во базата на податоци на ПО-РЦУК Неготино.

Со овој Оперативен План предвидени се следниве превентивни и оперативни мерки за заштита од поплави според член 123 за заштита и одбрана од поплави и заштита од штетно дејство на водите во населените подрачја од Законот за води.

- навремено чистење на речните корита и каналите од хидромелиоративниот систем;
- регулација на речните корита и поројници и одржување на регулиранитеделови од речните корита и поројници;
- изведба на заштитни насипи на речните корита, особено на местатакаде се евидентираничести излевања;
- континуирано одржување на отворените канали во исправна состојба;
- редовно одржување на водостопанските објекти (шахти,вентили, пумпи, и сл);
- обележување на поплавниот бран на загрозените подрачја низводно од високите брани;
- повторно отварање на каналите за одводнување, нивно прочистување и одржување;
- запознавање на населението за опасностите од појава на поплави нивно обучување и оспособување за преземање на мерки и постапки за заштита и евакуација во тие услови;
- пополнување, обучување, оспособување на единици за заштита од поплави и тимовите за брз одговор;
- контрола на системите за водоснабдување од загадување посебно во местата каде се користат артерски бунари и бушотини;
- снабдување на населението со вода за пиење и прехрамбени продукти;
- постојана контрола на состојбата на браната кај с.Дрен.

Мерките за управување со ревитализација со поплавата досега се успешни и се во рамките на законските процедури и плански постапки и истите и понатаму ќе се спроведуваат и надградуваат . Тоа се:

- санирање на речните корита и одводни канали;
- изработка на пропусти со цел водата што побрзо да истече од поплавените објекти, земјиште ;
- орање, култивирање на нивите (долгогодишни насади);
- дезинсекција и дератизација на објектите и земјиштето;
- проверка на водата за пиење;
- расчистување на улиците од наносен материјал;

- интервенции на критичните места (мостовите и другите пропусти за отстранување на надојдените стебла и гранки и друг отпаден материјал);
- санирање на мостовите ( Корешнички и др.) и патната инфраструктура;
- спасување на лица од поплавените домови и објекти;
- санирање на деловни објекти,станбени објекти и др.

Степенот на загрозеност на опасноста од поплави на подрачјето на општина Демир Капија е од втор степен што означува покачен ризик (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност/ *Извор:ПО-РЦУК Неготино*).

Во рамки на општината постои и функционира Општинска комисија за проценка и утврдување на висината на штетата настанати од природни непогоди и други несреќи која изготвува Извештај за процена на штета од природна непогода- поплава на подрачјето на општина Демир Капија во кои се наведени причините, големината и последиците од штетата како и активности и мерки кои треба да се превземаат за санирање и намалување од поплавата.

Овој план е изработен од страна Општина Демир Капија согласно член 126 од Законот за води, а во согласност со целите за долгорочна заштита и одржливо користење и управување со водите, крајбрежното земјиште, водните живеалишта затоа што водите се дел од природните процеси и треба да се заштитуваат како живеалишта на флората и фауната.

## 8. КОМУНИКАЦИЈА, КООРДИНАЦИЈА И СОРАБОТКА НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА СО РЦУК НЕГОТИНО

Општината Демир Капија за сите состојби кои претставуваат ризик и опасност од поплави и други видови на опасност, редовно и задолжително го известуваат РЦУК Неготино — одговорен за општините Неготино и Демир Капија, на телефоните за контакт:

- Фиксен: 043 371 205;
- Моб. 075 317 801;
- Моб. 075 317 727;
- Бесплатен повик за итни повици 195;
- Нов број за итни повици 112; Емаил: rcuknegotino@cuk.gov.mk

Комуникацијата, координацијата и соработката се остварува согласно Уредбата за видот на податоците и информациите и за начинот и постапката за нивно доставување до Центарот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.9/07).

Број 08 – 550/6
10.08.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА - РЕКА ВАРДАР

M=1:40000



## ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА - РЕКА БОШАВА

M=1:10000




ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
M=1:2500
ДЕМИР КАПИЈА - КРАК НА ДОШНИЧКИ КАНАЛ "1" L=760m
BRESTOT
DUPKA
MITINA
DINKO
Чифлик


ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
M=1:2500
ДЕМИР КАПИЈА - КРАК НА ДОШНИЧКИ КАНАЛ "2" L=480m
ДЕМИР КАПИЈА - КРАК НА ДОШНИЧКИ КАНАЛ "3" L=613m
121
122
LAGOT
Reka Bo*ava


ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
M=1:2500
ДЕМИР КАПИЈА - КРАК НА ДОШНИЧКИ КАНАЛ "4" L=913m
REKA
VARNICATA
BOLNICATA
Demir Kapija

**БИСТРЕНЦИ, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА** M=1:2500




КОРЕШНИЦА, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
M=1:2500
КОРЕШНИЦА - СУВОДОЛИЦА "1" L=709m
КОРЕШНИЦА - СУВОДОЛИЦА "2" L=525m

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/5
11.08.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија“бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на 23-та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2024 година во општинската администрација на општина Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2024 година е составен дел на ова решение.

**2**. Годишниот план за вработување во 2024 година се доставува на мислење до надлежното Министерството за информатичко општество и администрација.

**3**.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 550/7
10.08.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за недонесување на Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година**

Се објавува Решение за недонесување на Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/6
11.08.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XXIII-та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За недонесување на Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија не го донесе Решението за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година.

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/8
10.08.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на Јавно претпријатие за комунални работи "БОШАВА" Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на Јавно претпријатие за комунални работи "БОШАВА" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/7
11.08.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на XXIII-та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на Јавно претпријатие за комунални работи "БОШАВА" Демир Капија**

**1.** Советот на општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2024 година на Јавното претпријатие за комунални работи "БОШАВА" Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2024 година е составен дел на ова решение.

**2.** Директорот на ЈКП БОШАВА Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/9
10.08.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија**

Се објавува Решение за давање Согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/8
11.08.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Советот на

Општина Демир Капија на XXIII-та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање Согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП "Бошава" Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија ДАВА СОГЛАСНОСТ на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија бр.02-161/10 од 15.03.2023 година, донесена од Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на 15.03.2023 година.

**2.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/10
10.08.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/9
11.08.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на XXIII-та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија**

**1.** Советот на општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2024 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2024 година е составен дел на ова решение.

**2.** Директорот на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до надлежното министерство, во согласност со закон.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/11
10.08.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/10 Градоначалник на
11.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на XXIII-та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2024 година на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, бр.04-63/1 од 10.07.2023 година, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2024 година е составен дел на ова решение.

**2.** Директорот на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**3.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/12 Претседател на Совет на
10.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2023/2024 година**

Се објавува Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/11 Градоначалник на
11.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став (1) точка (6) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 49 став (8) од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), Советот на Општина Демир Капија на XXIII седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2023/2024 година**

**1.** Се донесува Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2023/2024 година, предложена од Училишниот одбор на училиштето на седницата одржана на ден 27.06.2023 година.

**2.** Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 550/13 Претседател на Совет на
10.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на Здружение Фудбалски Клуб ФК ВАРДАР БИСТРЕНЦИ с.Бистренци**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на Здружение Фудбалски Клуб ФК ВАРДАР БИСТРЕНЦИ с.Бистренци, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/12 Градоначалник на
11.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош, на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија бр.08-652/15 од 30.07.2018 година, постапувајќи по барањето бр.08-589/1 од 09.08.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XXIII-та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства на Здружение Фудбалски Клуб ФК ВАРДАР БИСТРЕНЦИ с.Бистренци**

**1.** На Здружението Фудбалски Клуб ФК ВАРДАР БИСТРЕНЦИ с.Бистренци за организирање на традиционалниот Турнир во мал фудбал "ГОЛЕМА БОГОРОДИЦА" за 2023 година се доделуваат финансиски средства во износ од 100.000,00 денари.

**2.** Здружението Фудбалски Клуб ФК ВАРДАР БИСТРЕНЦИ с.Бистренци да достави извештај за тоа каде се потрошени доделените средства.

**3.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година ставка 463 - трансфери до невладини организации, потставка 463 110.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/14 Претседател на Совет на
10.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 10.08.2023 година.

Број 09 –593/13 Градоначалник на
11.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), постапувајќи по барањето бр.08-547/1 од 26.07.2023 година од Здружение Фудбалски Клуб ФК ВАРДАР БИСТРЕНЦИ с.Бистренци, Советот на Општина Демир Капија на XXIII-та седница одржана на ден 10.08.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства**

**1.** На Здружение Фудбалски Клуб ФК ВАРДАР БИСТРЕНЦИ с.Бистренци, се одобруваат финансиски средства во износ од **10.000,00 денари**, како финансиско учество за покривање на трошоците за организацијата на турнирот.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година, Програма А00 подставка 463 110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка 270076330250196.

**3.** Здружението да достави извештај за тоа каде се потрошени одобрените средства.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/15 Претседател на Совет на
10.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---